

# Сообраќајна лектира

Безбедноста е најважната лекција!

# Сообраќајна лектира

Безбедноста е најважната лекција!

РСБСП

# Предговор

Здраво драг ученику. Се надевам дека убаво го помина летото и имаш толку убави случки од плажата што ќе ги прераскажуваш сè до следното лето. Тоа бргу ќе дојде, а до тогаш, ќе треба да повториме неколку лекции, кои доколку ги применуваме, ќе бидеме најсреќни на светот. А сите сакаме да бидеме среќни, нели! До следното лето ќе поминеме низ бројни патишта: долги, кратки, градски, асфалтирани, локални, широки, тесни, двонасочни, еднонасочни, секојдневни и обични, но и живописни патишта. Со оваа лектира сакаме да ти олесниме и да ти помогнеме секој пат да го поминеш најбезбедно што можеш. Прочитај ја оваа лектира за сообраќајот бидејќи безбедноста во сообраќајот е најважната лекција!

РСБСП



## ЛЕКЦИЈА 1

# Пешачки патеки

Секогаш поминувај ја улицата на пешачки премин.

Кога поминуваш преку улица, задолжително погледни лево, десно, па пак лево и потоа помини.

Секогаш оди по тротоарот/пешачката патека, а доколку нема тротоар/ пешачка патека движи се што поблиску до работ на коловозот.

Внимавај на велосипедските патеки! Тие секогаш се блиску до пешачката патека и ако малку се замислиш може да зачекориш во лентата наменета за велосипеди. Не поминувај улица на необележани места.

На местата каде сообраќајната сигнализација не работи, биди внимателен на секој чекор.

Не го избирај најкусиот пат, туку најбезбедниот пат!

Во густо населените места, несовесните возачи паркираат и на пешачките патеки. Затоа, внимавај кога поминуваш во централните градски подрачја.

Читај ги сообраќајните знаци, а на семафор чекај го твоето зелено светло.







2 ЛЕКЦИЈА

# Возење велосипед

Освен исправен велосипед, секогаш носи и кацига за глава.

Погрижи се да ги дознаеш сите обележани велосипедски патеки во градот и да возиш по нив. Доколку во одредена област нема велосипедска патека, вози уште повнимателно.





Исправно велосипедско ѕвонче е твојот безбедносен совозач!

Ако возиш навечер, треба да имаш светло или трепкач за распознавање. Дополнителна ноќна сигнализација е добредојдена. Не вози брзо и внимавај на пешаците.

Кога има метеж низ градот и кога поминуваш преку пешачки премин, биди внимателен и туркај го велосипедот.

Кога менуваш правец на движење, секогаш сигнализирај со рацете.

Продолжи да возиш велосипед, тоа е и нашето омилено превозно средство!



# 3 ЛЕКЦИЈА

# Возење во автомобил

Кога се возиш во автомобил, секогаш врзувај го безбедносниот појас.

Внимавај на патот и мирно реагирај на секоја ситуација.

Не ги отворај прозорците непотребно.

Возачот треба да биде концентриран на патот. Затоа, биди добар совозач и не му пречи на возачот додека управува со возилото. Нагло движење и нагли реакции можат да го дефокусираат возачот.

Слушај ги советите од возачот и излегувај од автомобилот само кога тој ќе ти дозволи.

Кога ги отвораш вратите и излегуваш, прво провери дали има други учесници во сообраќајот околу автомобилот, па потоа излези од него.





ЛЕКЦИЈА 4

# Јавен превоз

Јавниот превоз е за сите нас. Токму затоа, сите ние треба да се грижиме тој да остане функционален и да не го оштетуваме.

Информирај се за линијата и за бројот на автобусот кој вози до твојата релација.

Дојди на време на станицата и почекај додека не пристигне твојот автобус.

Чекај го автобусот исклучиво на места кои се обележани за таа намена.

Доколку го пропуштиш автобусот и вратите се затворат, почекај го наредниот автобус.

Без туркање качи се во автобусот и најди го своето место.

Не станувај за време на возењето бидејќи инерцијата те прави нестабилен.

Не му пречи на возачот додека вози.

Кога ќе се приближиш до твојата станица, чекај автобусот да запре и тогаш стани.

Без туркање симни се од автобусот.

Никогаш не ја преминувај улицата со трчање пред или после автобусот.

Почекај да помине автобусот, погледни внимателно и одбери право време, но и право место на кое безбедно ќе ја преминеш улицата.


1


2


3


4


5


6


7


8


9



10


11


12


13



14


15


16



17


18



19


20






## ЛЕКЦИЈА

# 5 Сообраќајни знаци

1. Опасност на патот
2. Пешаци на патот
3. Обележан пешачки премин
4. Деца на патот
5. Велосипедисти на патот
6. Животни на патот
7. Близина на автобуска станица
8. Наидување на сообраќајни светлосни знаци
9. Работи на патот
10. Задолжително запирање
11. Забрана на сообраќајот за велосипеди
12. Забрана за сообраќајот во двете насоки
13. Забрана на сообраќајот за пешаци
14. Ограничување на брзината
15. Обележан пешачки премин
16. Обележан премин за велосипедска патека
17. Пешачка зона
18. Подрачје на смирен сообраќај
19. Болница
20. Станица за прва помош

РСБСП